Акредитираните лаборатории за испитување на градежните материјали се залагаат за имплементација на важечките стандарди

Акредитираните лаборатории на 27.3.2013 година одржаа работен состанок на кој се разменија искуства за потешкотиите во имплементација на важечките стандарди во Република Македонија, со посебен акцент за градежништвото.

Законот за градежни производи донесен е во 2006 година, усвоени се и најголем дел од европските како национални (македонски) стандарди, а истовремено се повлечени од важност МКС YUS како „конфликтни“ стандарди, а сепак не можеме да кажеме дека билокој работи согласно важечките стандарди. За оваа ситуација беа наведени повеќе причини, но сепак во основа е несоодветната информираност, неспремност на стопанството и на надлежните институции заеднички и синхронизирано да настапат во една сериозна кампања за имплементација на стандардите.

Акредитираните лабаратории се залагаат за доследна примена на законската регулатива, при што се предложи да се организира заеднички состанок во проширен состав со претставници од министерствата за економија и транспорт и врски, со ИСРМ, со државен и пазарен инспекторат, со цел заеднички да се пристапи кон поголема информираност на инволвираните лица и компании за доследна примена на законската регулатива и важечките стандарди.

Марија Петроска